**20252214336**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 48 став 1 алинеи 3 и 5 и член 67 став 1 алинеи 1 и 2 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија” бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 87/23, 148/25 и 160/25), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛА

Член 1

Во Правилникот за технички преглед на возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/10 и 49/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 270/24), во член 37 по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи: „Во случај на промена на податоци содржани во барањето од ставот 1 на овој член, сопственикот на возилото, во просториите на овластеното правно лице поднесува Барање за промена на податоци во евиденцијата за регистрирани возила, кое е дадено во Прилог бр. 5 и е составен дел на овој правилник“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1-113658/1
29 октомври 2025 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски,** с.р.

ДО
МВР/ОУР___________________________________

Прилог бр. 5
се пополнува со машина или со печатни букви

(1А) Број на вписот____________________________________________________________

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИ ВО ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА РЕГИСТРИРАНИ ВОЗИЛА

## ФИЗИЧКО ЛИЦЕ

| | |
|---|---|
| C.2.1 | Презиме – Назив на сопственикот на возилото |
| C.2.2 | Име |
| C.2.3 | Адреса на постојано живеење - седиште |
| | Општина |
| C.2.4 | МБ |

## ПРАВНО ЛИЦЕ

| | |
|---|---|
| C.2.1 | Презиме – Назив на сопственикот на возилото |
| C.2.2 | Име |
| C.2.3 | Адреса на постојано живеење - седиште |
| | Општина |
| C.2.4 | МБС |

Стара електронска пошта ____________________________

Нова електронска пошта ____________________________

Стар мобилен телефонски број ____________________________

Нов мобилен телефонски број ____________________________

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека податоците дадени од моја страна во Барањето се веродостојни.

Подносител: ________________________

Потпис на примателот: ________________________